**<u>ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТИТЕ ЗА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ</u>**

*Во согласност со членот 344 став (3) од Законот за трговските друштва, пред да се пристапи кон избор на член на одборот на директори, односно на член на надзорниот одбор, за секој кандидат, во писмена форма, се објавуваат податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор и другите поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски коишто ги има спрема друштвото.*

**1. г-н Симон Наумоски, неизвршен член;**

Роден на 21.10.1941 година во Прилеп. Живее во Прилеп на ул.„Егејска“ бр. 95-А. По националност е македонец. Има завршено Технолошко-металуршки факултет во Скопје, дипломиран инженер технолог. Во редовен работен однос со П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп е од 15.07.1974 година и тој работен однос непрекинато трае до денес. Долги години ја вршел функцијата Генерален директор и Претседател на Управниот одбор на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп. Во текот на годините има вршено значајни општествени и други раководни функции. Во два наврати бил пратеник во Собранието на Република Македонија, долги години бил Претседател на Регионалната Стопанска Комора во Прилеп, бил член на Управниот одбор на Стопанската Комора на Македонија, бил член на Надзорниот одбор на Комерцијална Банка АД Скопје во повеќе мандати. Покрај тоа, бил долгогодишен Претседател на ГС1 Македонија. Од 2010 година ја вршел функцијата Претседател на Управниот одбор на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп, а од месец јуни 2014 година функцијата Претседател на Одборот на директори. Во П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп поседува 29,48% од вкупниот број акции или вкупно 22.618 обични акции, што значи дека е најголем поединечен акционер. Нема заеми, ниту други обврски спрема друштвото.

**2. г-н Сашо Наумоски, член;**

Роден на 16.10.1968 година во Прилеп. Живее во Прилеп на ул.„Егејска“ бр. 95-А. По националност е македонец. Има завршено Економски факултет во Прилеп, дипломиран економист, на насоката: Економија на претпријатија. Магистрирал на Економскиот факултет во Прилеп и се стекнал со научно звање магистер по економски науки. Во редовен работен однос со П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп е од 29.04.1996 година и тој работен однос непрекинато трае до денес. Од вработувањето континуирано работел во Комерцијалниот сектор на друштвото, подолг период вршејќи ја раководната функција Комерцијален директор. Во 2010 година е избран за Генерален директор на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп, а од 2014 година за Генерален извршен директор и извршен член на Одборот на директори со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет. Во периодот од 2002-2011 година бил член на Управниот одбор на ФФМ. Во моментот е член на Надзорниот одбор на Комерцијална Банка АД Скопје и од 2015 година е избран за Потпретседател на Стопанската Комора на Република Македонија, која функција ја извршува и денес. Во П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп поседува 7,03% од вкупниот број акции или вкупно 5.390 обични акции. Нема заеми, ниту други обврски спрема друштвото.

**3. г-а Наташа Стојковска, неизвршен член;**

Родена на 02.05.1970 година во Прилеп, живее во Прилеп на ул.„Јордан Тодоровски Шемко“ бр. 58. По националност е македонка. Има завршено Економски факултет во Прилеп, насока Меѓународна трговија. Во поглед на работното искуство, од 01.01.1991г. до 24.03.1995г. била вработена во поранешната JUGOBANKA или Банка за надворешна трговија, а од 01.02.2001 г. до 15.05.2001 г. во друштвото „Ведрина“ ДОО Прилеп. Вработена е во Прехранбена индустрија „Витаминка“ АД Прилеп од 16.05.2001 година, извршувајќи различни работни задачи во секторот за набавки, а од 01.12.2010 година е избрана за Директор на набавки и логистика. Не членува во други органи на управување, односно надзорни одбори. Член е на Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија. Во друштвото П.И.„Витаминка“ АД Прилеп поседува 3927 обични акции, во Комерцијална Банка АД Скопје поседува 219 обични акции и во НЛБ Банка поседува 55 обични акции. Нема заеми, ниту други обврски спрема друштвото.

**4. г-н Филип Николоски, неизвршен член;**

Роден на 31.12.1978 година. Живее во Скопје, Општина Карпош, на бул.„8-ми Септември“ бр. 4-1/1а. По националност е влав. Во 2001 година има дипломирано на Економскиот факултет во Скопје, на насоката: менаџмент. Од декември 2001 година до октомври 2002 година бил вработен во „Аутомобиле СК“ во Скопје, на позиција Маркетинг менаџер. Од октомври 2002 година до мај 2009 година работел во Комерцијална Банка АД Скопје на повеќе работни позиции, а последно како шеф во Службата за инвестициско банкарство. Во мај 2009 година се вработува во КБ Прво пензиско друштво АД Скопје како Втор Генерален директор и таквата функција ја извршува до мај 2017 година. Од мај 2017 година до јануари 2022 година работи како независен финансиски аналитичар, инвестиционен советник. Од февруари 2022 година до јули 2024 година бил Заменик Министер за финансии во Владата на Република Северна Македонија. Во П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп не поседува акции, нема заеми, ниту други обврски спрема друштвото, не остварил никакви дополнителни примања од друштвото, нема блиски семејни врски со некој од членовите на органите на управување или со раководните лица.

**5. г-н Дејан Маслинко, неизвршен член;**

Роден на 14.07.1966 година во Скопје. Живее во Скопје, Општина Карпош, на ул.„Његошева“ бр. 3Б. По националност е македонец. Има завршено Економскиот факултет во Скопје. Од работно искуство бил сениор извршен директор со над 24 години искуство во FMCG индустријата во Nestlé, со докажан успех во управување со повеќе пазари и операции во Србија, Северна Македонија, Косово и Црна Гора, со директна одговорност за финансиски резултати, развој на стратегија и организациска ефикасност и остварување одржлив раст на бизнисот. Во Комерцијална Банка АД Скопје поседува 885 обични акции. Во П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп не поседува акции, нема заеми, ниту други обврски спрема друштвото, не остварил никакви дополнителни примања од друштвото, нема блиски семејни врски со некој од членовите на органите на управување или со раководните лица.

# ИЗВЕШТАЈ

На ден 24.04.2026 година, Комисијата за избор и именување во рамките на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп, го сочини овој извештај за целите на вршењето анализа и проверка на исполнетоста на критериумите од страна на кандидатите за членови на Одборот на директори во пресрет на Годишното собрание на акционери, коешто ќе се одржи на 27.04.2026 година.

1. Од страна на Комисијата се констатира дека органот на управување донел Одлука број 8/4/2022-ОД (арх.бр. 02-454/10 од 15.04.2022 година), за утврдување на профилот на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп, а согласно точка 2.11. од Кодексот за корпоративно управување на Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје;
2. Комисијата за избор и именување констатира дека Одборот на директори предлага три нови членови во составот на овој орган на друштвото и тоа:
   - Наташа Стојковска, за неизвршен член;
   - Филип Николоски, за неизвршен член и
   - Дејан Маслинко, за неизвршен член.
3. Дополнително, Комисијата констатира дека како членови на Одборот на директори во наредниот состав се предлагаат повторно и Симон Наумоски и Сашо Наумоски.
4. Комисијата констатира дека во согласност со членот 344 од Законот за трговските друштва, за кандидатите за членови на Одборот на директори се доставени потребните биографски податоци, а особено: податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор и другите поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски коишто ги има спрема друштвото.
5. Комисијата за избор и именување изврши детална анализа и проверка на исполнетоста на критериумите од страна на кандидатите, како и за усогласеност на нивната кандидатура со внатрешните акти и профилот на одборот и за тоа дали кандидатот се смета за независен, па во прилог на овој извештај го презентира сопственото мислење:
   - Кандидатката **Наташа Стојковска** ги исполнува законските услови за избор како неизвршен член на Одборот на директори, согласно член 3 став 1 точка 26 и член 346 од Законот за трговските друштва. Согласно доставените биографски податоци, лицето ги задоволува сите критериуми дефинирани во закон, како и во Одлуката за утврдување на профилот на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп, цитирана погоре во овој извештај;
   - Кандидатот **Филип Николоски** ги исполнува законските услови за избор како **независен** неизвршен член на Одборот на директори, согласно член 3 став 1 точка 25 и член 346 од Законот за трговските друштва. Согласно доставените биографски податоци, лицето ги задоволува сите критериуми дефинирани во закон, како и во Одлуката за утврдување на профилот на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп, цитирана погоре во овој извештај;
   - Кандидатот **Дејан Маслинко** ги исполнува законските услови за избор како **независен** неизвршен член на Одборот на директори, согласно член 3 став 1 точка 25 и член 346 од Законот за трговските друштва. Согласно доставените

биографски податоци, лицето ги задоволува сите критериуми дефинирани во закон, како и во Одлуката за утврдување на профилот на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп, цитирана погоре во овој извештај;

- Во поглед на кандидатот **Симон Наумоски**, Комсијата констатира дека лицето во целост ги исполнува законските услови за избор како неизвршен член на Одборот на директори, согласно член 3 став 1 точка 26 и член 346 од Законот за трговските друштва. Согласно доставените биографски податоци, лицето ги задоволува сите критериуми дефинирани во закон, како и во Одлуката за утврдување на профилот на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп, цитирана погоре во овој извештај;
- Исто така, кандидатот **Сашо Наумоски**, во целост ги исполнува законските услови за избор како неизвршен член на Одборот на директори, согласно член 3 став 1 точка 19 и член 346 од Законот за трговските друштва. Согласно доставените биографски податоци, лицето ги задоволува сите критериуми дефинирани во закон, како и во Одлуката за утврдување на профилот на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп, цитирана погоре во овој извештај.

6. Од претходно изнесеното, Комисијата за избор и именување го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

**Предложените кандидати за членови на Одборот на директори во нов состав, во целост ги исполнуваат критериумите за избор, а со оглед на фактот што нивните кандидатури се усогласени со законските барања, како и со внатрешните акти со коишто се дефинира профилот на органот на управување.**

**Комисијата за избор и именување недвосмислено оцени дека кандидатите Филип Николоски и Дејан Маслинко ги исполнуваат условите да бидат избрани како независни неизвршни членови.**

**Овој извештај, заедно со биографиите на кандидатите, се доставуваат на разгледување и одлучување до Собранието на акционери, а се ставаат и на увид на јавноста преку веб страницата на друштвото и веб страницата на Македонската берза.**

Комисија за избор и именување на „Витаминка“ АД:

1. Симон Наумоски, Претседател, с.р.
2. Горан Трајковски, Член, с.р.
3. Маја Кадиевска-Војновиќ, Член, с.р.